РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-671/2
17-06-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжение на 6-та седница, одржана на 12.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 09-671/1 од 09.02.2024 година, со наводи за влијание и непристрасно одлучување на директорот на ---------, при постапка за вработување по Јавен оглас -------, **СЕ ОТФРЛА.**
По проверка на наводите од пријавата ДКСК утврди дека нема јасни наводи и укажувања за незаконити дејствија на службено лице бидејќи пријавената состојба не е настаната за да може ДКСК да постапува согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 09.02.2024 година, поднесена е пријава заведена под бр. 09-671/1 со наводи дека поранешниот претседател на ------, сегашен директор на ---------, фирма основана од ------------, го вработува моменталниот претседател на ------------, ---------- во истоименото друштво. Според пријавителот постои директен судир на интереси, како и голема веројатност за влијание за непристрасно одлучување на директорот при избор на кандидатите по Јавен оглас за вработување ------.
По разгледување на пријавата, ДКСК утврди дека наводите се однесуваат на ситуација која не е настаната, односно пријавителот навела дека ќе се случи вработување на лице кое партиско е поврзано со службеното лице директор ----------.
Исто така, согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, лицето ------------, не е блиско лице на службеното лице.

Имено, согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси под поимот „блиски лица“ се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес.

По разгледување на предметните наводи, ДКСК на продолжение на 6-та седница констатира дека во конкретниот случај не може да се покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Татјана Димитровска**

По заклучок од седница на ДКСК
Изработил: м-рС.М., советник
Контролирал: К.З., раководител
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК